**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/5
Скопје, 20 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

СКОПЈЕ

# ИЗВАДОК
## од Нацрт – записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 март 2020 година

„ТОЧКА 1: **Записник од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 март 2020 година

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Се задолжува Комисија за заразни болести при Министерството за здравство, да подготви детален писмен предлог со мерки и препораки за воведување на најстроги рестриктивни мерки во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија за време на ден и во ноќ, организирање на јавниот превоз, сменско работење, опфатени категории на лица по возраст) и истите да ги достави до Владата, за седницата што ќе се одржи на 21 март 2020 година (сабота).

   Согласно ова, се задолжува д-р Венко Филипче, министер за здравство, да определи двајца епидемиолози што ќе присуствувааат на седницата на Влада, со цел да ги образложат предложените мерки и препораки на членовите на Владата.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија да направат детален оперативен план за спроведување на најстроги рестриктивни мерки што ќе ги преземе Владата, со цел спречување, внесување и ширење на Коронавирусот COVID – 19.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, во рамките на нивните надлежности, веднаш да пристапат кон спроведувањето на досегашните донесени мерки и препораки од страна на Владата.

4. Сите лица што не ја почитуваат мерката за самоизолација да бидат спроведени во државен карантин и против истите да биде поведена соодветна постапка, трошоците за време на престојот во државен карантин ќе бидат на товар на лицата што не ја почитувале оваа мерка.

   За ова, се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерство за здравство да подготви соодветна уредба со законска сила во која правно ќе ја нормира целокупната постапката за спроведување во државен карантин.

5. Се задолжува Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за економија и Министерството за правда, да подготват уредба со законска сила во која правно ќе ги нормираат надлежностите на сите инспекторати и инспектори (надлежностите од инспекторите во Државниот пазарен инспекторат да бидат пренесени на сите инспекциски служби).

*

*　　　*

Истовремено, на предлог на м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Владата заклучи да се измени Заклучокот под реден број 5 од Дваесеттата седница на Владата, одржана на 16 март 2020 година и да гласи:

- Професионалните возачи на товарните возила кои влегуваат и излегуваат од Република Северна Македонија, а кои не поседуваат дозволи издадени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, да бидат пропуштени на граничните премини при влез и излез, но истите се должни да ја обезбедат и приложат дозволата не подоцна од 24 март 2020 година.

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави документ во ексел верзија кој го располага за вкупно издадените сертификати на професионалните возачи за учество во меѓународен патен сообраќај до Министерството за внатрешни работи. Лицата наведени во овој документ задолжително поседуваат важечки сертификат за учество во меѓународен патен сообраќај издаден од Министерството за транспорт и врски, со цел истите да не подлежат на полициски проверки за постапување по изјавата за самоизолација."

**Прилог:**

- **Записник од Петтиот состанок на ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:

- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Љубица Р.Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 20 март 2020 година

Архивски број: 08-780/5

Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
20-03-2020
44-2282/5

## ЗАПИСНИК

**од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 март 2020 година**

На 20 март 2020 година (петок), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД МКС EN ISO 9001:2009 SGS

На состанокот присуствуваше и м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална бебзедност, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи и Ѓоко Танаскоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваше Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневниот ред:

<u>Точка 1:</u> Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

<u>Точка 2:</u> Прашања и предлози;

*

* *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на ова тело, секој од своја надлежност ги информираа членовите за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u>** министерот за здравство, д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за дополнително преземени мерки и активности согласно задолженијата од состаноците на ова тело, односно истите се детално наведени во Информацијата за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, доставена од Министерството за здравство, на 20 март 2020 година, кон која во прилог е доставен Извештај за состојба со COVID-19 во Република Северна Македонија и светот; Патека (Протокол) за постапување на матични лекари за тестирање и лекување на пациенти со COVID-19 и Препораки за однесување на вработените во производните капацитети кои произведуваат непрехрамбени производи.

Дополнително, тој информираше дека во овој момент вкупниот број на позитивни случаи е 67 лица.

Министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица, за задолжението под реден број 5 од Четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, одржан на 19 март 2020 година, односно дека во текот на денешниот ден ќе се одржуваат интензивни координативни состаноци со сите надлежни институции и стручни лица и се преземени сите активности за подготовка на план и начин на спроведување на онлајн настава за учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, како и за високо образовните установи во Република Северна Македонија.

Главниот координативен кризен штаб го разгледа и се информираше со Прегледот на евидентирани патници при влез/излез од Република Северна Македонија во системот за контрола на патници и возила од 19.03.2020 година од 7.00 часот до 20.03.2020 година до 7.00 часот, доставен од Министерството за внатрешни работи.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека на наредната седница на Владата ќе достави за разгледување и донесување на уредба со законска сила во која правно ќе се нормира моделот и начинот на функционално дејствување на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија заедно со припадниците на Министерството за внатрешни работи за време на постоење на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Министерството за животна средина и просторно планирање, во координација со Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, да изработи план за управување со отпадот во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа и со истиот да бидат опфатени центрите за изолација, со цел спречување на ширењето и сузбивањето на Коронавирус COVID – 19.**

2. **Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Препораките за однесување на вработените во производните капацитети кои произведуваат непрехрамбени производи, подготвени и доставени од Министерството за здравство, да ги достави до стопанските комори на Република Северна Македонија и истите јавно да ги објави, со цел информирање на овој сектор.**

3. Во однос на предлогот од Центарот за управување со кризи за спроведување на мерката за времено сместување на затекнатите лица во подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа во достапните капацитети, Владата со посебна уредба со законска сила правно да го нормира и регулира надоместокот за услугата за сместување.

4. Не го прифати Известувањето/Барањето доставено до ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје, под бр. 03-321/1 од 18.03.2020 година и истото да се достави на понатамошна надлежност и постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и до Министерството за транспорт и врски.

5. Не се одобрува Барањето доставено од ВИКТОРИА ИНВЕСТ ДОО, Подружница Скопје, под бр. 0302-607/20 од 18.03.2020 година, имајќи предвид дека овие лица (80 работници од Република Албанија кои се ангажирани за работа во изградба на автопатот Кичево – Охрид, делница 4 и 5 од коридор 8) се државјани на Република Албанија, која според листата на Светската здравствена организација е земја со среден ризик, а на територијата на Република Северна Македонија со Одлука од Претседателот на Република Северна Македонија од 18 март 2020 година е утврдено постоење на вонредна состојба.

6. Го разгледа и прифати Барањето од АД за производство и промет на вино, Винарска Визба – ТИКВЕШ АД Кавадарци и даде дозвола за влез на двајца странски државјани на територијата на Република Северна Македонија, од Република Хрватска, Иван Кадум и Марко Најев, заради постоење на економски интерес.

7. Се информираше со Известувањето доставено од Друштво за угостителство, производство и трговија ХАЦАТ ДОО Скопје, под бр. 0301-108 од 19.03.2020 година и доколку оцени за потребно Министерството за здравство ќе воспостави контакт за оваа намена.

8. Се прифаќа препораката бр. 4 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, односно Министерството за информатичко општество и администрација да упати препораки до сите институции и лица да употребуваат електронски потпис каде овозможуваат условите.

9. Се прифаќа препораката под бр. 5 на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство од 20.03.2020 година, за растојанието помеѓу луѓето да се зголеми на два метри.

10. Министерството за внатрешни работи да ги интензивира контролите за спроведување на наредената забрана согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 19 март 2020 година која се однесува на собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови, улици други јавни места и јавни површини и истите да ги разбива.

    Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста и да заземе став доколку не се спроведуваат наредените мерки, лицата кои не ги почитуваат Министерството за внатрешни работи веднаш ги спроведе во самоизолација или државен карантин.

11. Се прифаќа препораката под бр. 6 на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, околу растојанието меѓу вработените лица да биде зголемено, односно Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство да дадат конкретни препораки до сите кланици и истото да го контролираат.

12. Се прифаќа препораката под бр. 7 на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство сите јавни здравствени установи на територијата на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за здравство, да подготват и опремат изолациони оддели.

13. Се прифаќа препораката под бр. 11 на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, односно да не се издава ниедна информација за здравствената состојба на болните лица, податоците за пациенти и слично, како и информации за пациентите да не се споделуваат по поставени прашања од новинарите.

14. Министерството за внатрешни работи, за наредната седница на Влада, да достави за разгледување и донесување уредба со законска сила, со цел изменување на одредбите од законот за странци, во која правно ќе се нормира прашањето за престојот на странски државјани – во дипломатско конзуларните претставници на странските држави во Република Северна Македонија на кои им истекува рокот за престој во Република Северна Македонија.

15. Министерството за економија, во соработка со Царинската управа на Република Северна Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави уредба со законска сила во која правно ќе го нормира прашањето за сите медицински помагала и потрошниот медицински материјал кој се увезува во Република Северна Македонија за потребите за справување со моменталната ситуација, да се ослободи 100% од царинските давачки.

    За оваа цел, Министерството за здравство да достави листа со медицински помагала и потрошниот медицински материјал до Министерството за економија и Царинската управа на Република Северна Македонија.

16. Министерството за финансии да ја разгледа можноста за финансиска помош на ЈП Национални шуми, особено во овој период кога е намалено авансното плаќање кон јавното претпријатие.

**17. Во врска со доставеното Барање за воведување на специјални мерки за помош на домашната вонинституционална културна сцена како резултат на кризата со Коронавирусот, доставено преку Иницијативата „Културата е насловна страна на секое општество", со поддршка на синдикатот на културата на Република Северна Македонија и ЈАДРО – асоцијацијата на независната културна сцена иНационалниот координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка, Роберт Алаѓозовски и д-р Хусни Исмаили, министер за култура, да одржат работна координативна средба во врска со наведените барања и предлози и да ја информираат Владата во најкус можен рок во врска со ова прашање.**

*

* *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

## Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS